Централна кооперативна банка АД

Бр. 08-4583

15.05 2020 год.

СКОПЈЕ

Централна кооперативна банка АД Скопје

До
**Министерство за финансии**
**на Република Северна Македонија**
**ул. Даме Груев бр.12**
**1000 Скопје**

**Предмет: Доставување на Одлука донесена согласно Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020)**

Почитувани,

Центарлна кооперативна банка АД Скопје во согласност со чл.6 и чл.8 од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020) донесе Одлука заведена под УО бр.0202-786 од 14.05.2020 година.

Согласно цитираната одлука Централна кооперативна банка АД Скопје како доверител нема да врши отпис на камати и репрограмирање на главниот долг и трошоците на физички лица по основ на Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020) и како носител на платен промет нема да врши намалување или откажување од трошоци за деблокирање на сметки на должници чии долгови се отпишани согласно одредбите на Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020).

Согласно чл.6 ст.2 и чл.8 ст.2 од Закон за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Сл.Весник на РСМ бр.31/2020) Ви ја доставуваме Одлуката УО бр. 0202-786 од 14.05.2020 година како би можело истата да се објави на веб-страница на Министерството за финансии и во средствата за јавно информирање.

Прилог: Одлука УО бр.0202-786 од 14.05.2020 година

Со почит,

Скопје, 15.05.2020 година

Централна кооперативна банка АД Скопје
Член на Управен одбор
Станимир Станчев

Член на Управен одбор
Орце Трајковски

Изготвил:
Евгенија Димитриевски

Контролирал:
Надка Спировска

Централна кооперативна банка АД Скопје

Согласно член 112 став 2 буква ѕ) од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, а во врска со Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на РСМ бр.31/2020), Управниот одбор на Центарлана кооперативана банка АД Скопје на ден 14.05.2020 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Централна кооперативна банка АД Скопје како доверител, согласно член 6 став 1 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на РСМ бр.31/2020), не ја прифаќа примената на одредбите од наведениот закон поради што нема да врши отпис на камати и репрограмирање на главен долг и трошоци на физички лица по основа на истиот закон .

2. Централна кооперативна банка АД Скопје како носител на платен промет, согласно чл.8 став 1 од Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на РСМ бр.31/2020), не ја прифаќа примената на одредбите од наведениот закон поради што нема да изврши намалување или откажување од трошоци за деблокирање на сметките на должниците чии долгови се отпишани согласно одредбите на Законот за отпис на камати и репрограмирање на долгови и трошоци на физички лица (Службен весник на Република Северна Македонија број 31/2020).

3. Се задолжува Дирекцијата за правни работи да го информира Министерството за финасии на РСМ за донесената одлука на начин што ќе ја достави одлуката до Министерството кое пак понатаму ќе ја информира јавноста за донесената одлука со објава на веб-страница на министерството и во средствата за јавно информирање, како и да ја информира Народната Банка на Република Северна Македонија за донесената одлука на начин што ке ја достави одлуката до истата.

4. Се задолжува Дирекцијата за правни работи да ги известат нотарите и извршителите преку соодветни комори за донесената одлука како и писмено да се известат нотарите и извршителите на територоја на РСМ пред кои Банката како доверител има започнато соодветни постапки за наплата на долг од физички лица.

5. Одлуката стапува на сила на денот на нејзиното потпишување.

**УО бр. 0202 - 786**
**14.05.2020 година**

Претседател на Управен одбор
Неделин Валчев

___________________________

Членови на Управен одбор
Станимир Станчев

___________________________

Орце Трајковски

___________________________

Изготвил
Евгенија Димитриевска

Контролирал
Нада Спировска